семејство тоа преовладува кон децата, но применува сила и кон жената, поретки се случаите жената да применува сила над мажот.

I.1.8 Семејно насилство

Насилството во семејството е голем општествен проблем. Секој ден жените и мажите трпат насилството од својот партнер, децата од родителите, а старите лица од своите возрасни деца или од внуците. Насилството во семејството може да биде од ментална, емоционална и физичка природа.[27] Во многу семејства, преовладува стариот патријархален пристап. Во многу семејства, сеуште преовладува авторитетот на таткото, кој е страв и трепет што не поддржува компромис туку се мора да биде по негова волја. Ако на тоа се додаде и зависноста на дрога, алкохол, коцка, насилството во такви семејни заедници многу често се случува. Тие доживуваат различни форми на насилство, од физичко до сексуално, а често и психичко насилство со уцени, закани за самоубиство, убиство и сл. [28] Она што мораме да го нагласиме како причина за зголеменото насилство е ставовите и предрасудите на поединците дека жената е за во куќа да биде домаќинка.

Во меѓународно правни рамки, веќе напоменавме дека во Универзалната декларација во член 16 се регулирани семејните односи, а со тоа се забранува секаков вид семејно насилство. Меѓународниот пакт за граѓански и политички права, покрај бројните одредби кои го дефинираат корпусот на граѓанските и политичките права, по упатувањето на меѓународните документи за признавање на суштинското достоинство на сите членови на семејството и нивните еднакви и неотуѓиви права, како и како оние кои прокламираат дека идеалот за слободно човечко суштество кое ужива граѓански и политички слободи и кое е ослободено од страв и беда, може да се постигне само ако се создадат услови кои ќе му овозможат на сите да ги уживаат своите граѓански и политички права (како и нивните економски, социјални и културни права), во член 3. земјите-членки на овој пакт се обврзуваат да обезбедат еднакво право на мажите и жените да ги уживаат сите граѓански и политички права формулирани во него. Концептот на семејство и неговата заштита, како и правото и условите за брак на мажите и жените на возраст за стапување во брак, се регулирани на речиси идентичен начин како и во Универзалната декларација за човекови

[27] Jane Middelton-Moz, Mary Lee Zawadski, Nasilnici, str. 140.
[28] Jelena Radulović, Nasilje u porodici, str. 116

права на Обединетите нации (член 23). Исто така, беше нагласено дека секое дете, без дискриминација врз основа на раса, боја, пол, јазик, религија, национално или социјално потекло, финансиска состојба или раѓање, има право да биде заштитено од неговото семејство, општеството и државата како што бара неговото статус на малолетник (чл. 24), како и фактот дека сите лица се еднакви пред законот и имаат право без никаква дискриминација на еднаква законска заштита (чл. 26).[29]

Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права ги конкретизира индивидуалните и колективните права утврдени во претходно усвоените меѓународни документи, во делот што се однесува на економските, социјалните и културните права и утврдува мерки за следење на нивното почитување. Покрај другите, а во контекст на разгледување на неодржливоста на дискриминацијата врз основа на пол, односно насилство во семејството и партнерските односи, одредбите со кои земјите-членки на овој пакт се обврзуваат да гарантираат дека сите права формулирани во него ќе се применуваат без никаква дискриминација врз основа на раса, исто така се важни.[30]

Меѓународна конвенција за укинување на сите облици на расна дискриминација ја регулира расната дискриминација, но денес претставува општ акт каде што "расната дискриминација" се однесува на секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на раса, боја, национално или етничко потекло што има за цел или резултат да го наруши ии компромитира признавање, уживање или вршење под еднакви услови, праватата на човекот и основните слободи во политичкиот јавен живот.(чл.1)[31]

Конвенцијата на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените, (Convention on the Elimination of All Forms of Discrimination against WomenCEDAW) е првиот меѓународен правен инструмент кој, притоа повикувајќи се на одредбите од веќе усвоените меѓународни документи и нагласувајќи ја обврските на земјите-членки да обезбедат еднаквост на мажите и жените, сеопфатно ја гарантира

[29] Пакт е усвоен и отворен за потпишување и ратификување со резолуција на ОН бр. 2200 А (XXI) од 16. декември 1966. година а стапи на сила 23. Март 1976. година.
[30] Пакт е усвојен и отворен за потпишување и ратификување, со резолуција наОН бр. 2200 А (XXI) од 16. декември 1966. година, а на силастапи 3. јануари 1976. година
[31] Усвоена и отворена за потпишување и ратификување со резолуција наОН бр. 2106 А (XX) од 21. декември 1965. година.

заштитата на граѓанските, политичките, економските, социјалните и културните права на жените. За целите на оваа Конвенција, терминот „дискриминација на жените“ значи секоја разлика, исклучување или ограничување во однос на полот, што има ефект или цел да го загрози или спречи признавањето, остварувањето или практикувањето од страна на жените на човековите права и основните слободи. во политичка, економска, социјална, културна, граѓанска или друга област, без оглед на нивниот брачен статус, врз основа на еднаквоста на мажите и жените (член 1). Од особена важност е одредбата од членот 5, кој пропишува дека земјите-членки треба да преземат мерки за промена на општествените и културните обичаи за однесувањето на мажите и жените со цел да се елиминираат предрасудите, како и вообичаената и секоја друга практика заснована на разбирањето на инфериорноста или супериорноста на едниот или другиот пол или традиционалната улога на маж или жена.[32]

Факултативен протокол со Конвенцијата за елиминирање на сите облици на дискриминација на жените предвидува државите членки на овој протокол да ја прифатат надлежноста на Комитетот за елиминирање на дискриминацијата на жените, да прима и прифаќа претставки поднесени од страна или во име на поединецот или група што се во надлежност на државите членки, а тврдат дека на жртвите им се прекршени некои права наведени во Конвенцијата од страна на државите потписнички.[33]

Декларацијата на Обединетите нации за елиминација на насилството врз жените во член 1 го дефинира насилството врз жените како секој чин на родово базирано насилство што резултира или може да резултира со: физичка, сексуална или психолошка повреда или страдање на жените, вклучително и закани за такви дела, ограничување или произволно лишување слобода, без разлика дали тоа произлегува од јавниот или приватниот живот. Насилството врз жените ги вклучува следните форми:

- физичко, сексуално и психичко насилство што се случува во семејството (вклучувајќи тепање, сексуална злоупотреба на женски деца во домаќинството, насилство поврзано со

[32] Усвоена од ОН со резолуција 34/180 од 18. декември 1979. година и стапи на сила 3. септември 1981. година

[33] Факултативниот протокол е донесен 6. октомври 1999. годинаво Њујорк, а на сила стапи 22. декември 2000. година.

мираз, брачно силување, осакатување на женски гениталии и други традиционални практики, штетни на жени, вонбрачно насилство и насилство поврзано со експлоатација);

-физичко, сексуално и психичко насилство што се случува во поширокатa заедница (вклучувајќи силување, сексуална злоупотреба, сексуална изнуда и понижувачка работа, насилство во образовни институции и други места, трговија со жени и присилна проституција);

-физичко, сексуално и психичко насилство извршено или одобрувано од државата, без разлика каде се случило (чл. 2).[34]

Пекингшката декларација и Платформата за акција претставуваат најсеопфатна глобална политичка рамка за унапредување на родовата еднаквост, но и документи кои ги обврзуваат земјите-членки да развијат политика за родова еднаквост во согласност со целите поставени на ниво на светската заедница. Во делот на Платформата за акција насловен Насилство врз жените, основните постулати од важност за разбирање на неопходноста од почитување на човековите права и основните слободи на жените, а потоа и фактите:

- дека насилството врз жените е пречка за постигнување на целите на еднаквост, развој и мир; дека насилството врз жените го повредува, загрозува и го укинува уживањето на човековите права и основните слободи на жените;
- дека нискиот социјален и економски статус на жената може да биде и причина и последица на насилството врз жените (чл. 112). Членот 113 вели дека терминот „насилство врз жените“ значи секој акт на насилство заснован на родови разлики што води, или е веројатно да доведе до психичко, физичко или сексуално загрозување или страдање на жените, вклучително и закани за такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, без разлика дали тоа се случува во јавниот или приватниот живот. Според тоа, насилството врз жените вклучува:физичко, сексуално и психичко насилство што се случува во семејството (вклучувајќи тепање, сексуална злоупотреба на женски деца во домаќинството, насилство поврзано со мираз, силување во брак, отсекување женски гениталии и други

[34] Генералното собрание на ОН ја усвои во1993 година

традиционални практики кои повреда на жените, насилство што не доаѓа од брачен другар и насилство поврзано со експлоатација); физичко, сексуално и психичко насилство што се случува во пошироката заедница (вклучувајќи силување, сексуална злоупотреба, сексуално вознемирување и заплашување на работа, во образовни институции и на други места, трговија со жени и присилна проституција); физичко, сексуално и психичко насилство извршено или премолчено одобрено од државата, каде и да се случи.[35]

Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи ги регулира основните човекови права во однос на положбата на жената и родовата еднаквост воопшто. Одредбите конкретно поврзани со положбата на жената се формулирани како право на почитување на приватниот и семејниот живот (член 8), право на брак (член 12) и забрана на дискриминација (член 14).[36]

Конвенцијата за спречување и борба против насилството врз жените и семејното насилство е еден од најзначајните документи посветени на прашања од важност за разбирање на насилството врз жените и семејното насилство. Според член 3 (точка б) од Конвенцијата, „семејно насилство“ значи секој акт на физичко, сексуално, психичко или економско насилство што се случува во рамките на семејството или домаќинството, или помеѓу поранешните или сегашните сопружници или партнери, без оглед на тоа дали сторителот го делеле истото живеалиште со жртвата. Според истиот член (точка а) од оваа конвенција, „насилство врз жените“ значи кршење на човековите права и форма на дискриминација на жените и ги претставува сите акти на родово базирано насилство што водат или можат да доведат до: физичко, сексуално , психичко повредување или финансиска повреда и страдање на жените, вклучително и закани за такви дела, принуда или произволно лишување од слобода, било во јавниот или во приватниот живот. Посебно внимание се посветува на спроведувањето на соодветна обука на професионалци, како и на координирана соработка со цел сеопфатни и соодветни упатувања во конкретни случаи кои се однесуваат на жртви или сторители на сите акти на насилство опфатени со Конвенцијата, како на полето на спречување и откривање на такво насилство, еднаквост

[35] Усвоена на Четвртата конференција на ОН за жените одржана во Пекинг, 1995 година
[36] Усвоена од страна наСоветот на Европаво Рим 1950 година

меѓу жените и мажите, потребите и правата на жртвите, како и во доменот на активности насочени кон спречување на секундарна виктимизација (чл. 15).[37]

I.1.9Теории за семејното насилство

Во теоријата постојат два пристапи за да се објасни насилството во семејството и бракот. Според првиот, насилството во бракот се третира како индивидуална појава и се објаснува со индивидуални причини за нејзино настанување. Во овој пристап позначајни се психолошката, медицинската и социопсихолошката теорија. За вториот принцип е карактеристично дека и насилството во бракот се третира како општествена појава , чии корени се во општествената структура а се детерминирани од голем број на фактори што го определуваат односот на општеството кон жената. Во рамките на овој пристап се социолошката и феминистичката теорија.[38]

I.1.9.1Психолошката теорија

Според оваа теорија, насилството во бракот, односно во семејството, се третира како индивидуална појава, која е резултат на делувањето на одредени психолошки и психопатолошки особини на сторителот и на жртвата. Како такви особини се истакнуваат слабата контрола, неразвиеното его и фрустрациите во детството кај насилникот и мазохизмот кај жената. Во поновите психолошки теории се истакнуваат теоријата на научена безпомошност и теоријата на преживувања. Теоријата на научена беспомошност го дава објаснувањето: зошто (најчесто) жените стануваат жртви на насилство и како процесот на виктимизација ги спречува да излезат од насилничкиот однос. Објаснувањето е во изостанувањето на ефекти од нивното реагирање на насилството, која предизвикува состојба на депресија и страв, односно состојба нанемоќност, кое резултира со убедувањето дека жената не може да има контрола врз сопствениот живот. Оваа состојба е потенцирана и со фактот на социјализацијата на жената според модели на патријархално уредување на односите во бракот и семејството, чиј резултат е и верувањето на жените дека немаат контрола врз сопствениот живот.

Теоријата на преживување се јавува како резултат на критиката на теоријата на научена безпомошност. Суштината на оваа теорија е дека жртвите активно одговараат на

[37] Усвоена од страна на Комитетот на министри 15. јануари 1990. година.
[38] Груевска Дракулевска, А., Семејното насилство во РМ, Скопје.

насилството, бараат помош, односно ја изразуваат потребата од општествена подршка и помош. Изостанувањето на општествената помош и подршка ја прави жртвата пасивна во

однос на прекинувањето на насилната врска. Притоа, не се работи за пасивен однос на жртвата на насилството, туку за отсуство на помош и подршка. Тоа е и основната разлика со теоријата на научената беспомошност. Во рамките на индивидуалистичкиот пристап се наоѓа и објаснувањето на насилството во бракот и семејството со медицинската теорија, која се занимава со поврзаноста и улогата на алкохолот во насилството во бракот. Помеѓу приврзаниците на оваа теорија, се исполаризирани две основни гледишта: едното смета дека, алкохолот е причина за насилството во бракот, додека пак другата група автори сметаат дека, алкохолот влијае, односно придонесува за насилството во бракот, но не може да се смета за негова причина.

I.1.9.2 Социолошка теорија

Според оваа теорија, семејството е општествена институција, врз која, како впрочем и врз секоја друга институција, влијаат голем број на општествени фактори. Во тие рамки, семејното насилство како општествена појава е резултат на делувањето на бројните општествени фактори. Согласно на таквиот пристап, а во врека со објаснувањето на насилството на семејството, се сретнуваат четири концепти:

а) општа системска теорија: насилството во семејството го третира како производ на делувањето на голем број на општествени фактори, меѓу кои се истакнуваат нормативната структура, цртите или особините на личноста, конфликтите и фрустрациите.

б) Теорија на ресурси: семејството како и сите останати општествени системи се темели на закани со сила од страна на тој што ги контролира ресурсите (општествени, економски) и е во позиција да контролира и наредува, па дури и да користи сила. Во рамките на семејството, мажот е тој којшто ги контролира семејните ресурси, а тоа му дава можност во одредени ситуации тоа контролирање да го прави и преку користење на сила. Исто така, оваа теорија е наречена и теорија на средства, а била предложена од Вилијам Гуд.[39]

Жени кои зависат од мажите најмногу за економската благосостојба. Со тоа што имаат деца за кои треба да се грижат и двоумењето дали да го напуштат бракот ја зголемува

[39] Вилијам Гуд, „Сила и насилство во семејството-дневник за брак и семејство" 1971 год.? стр.624-636

финансиската тешкотија и го прави се потешко нивното заминување. Зависноста значи дека тие имаат помалку опции и малку средства кои може да им помогнат да се соочат со или да го сменат однесувањето на нивниот маж.

в) Теорија на субкултура: појдовна позиција на оваа теорија е дека општествените норми и вредности упатуваат на насилство во семејството. Тоа значи дека насилството е одобрено односно покриено со вредности, кои се фаворизирани од одредени делови на културата на некое општество.

г) Теорија на размена и социјална контрола: оваа теорија претставува спој на две теории, преку што насилството во семејството се третира како размена на агресија, во чија основа лежи принципот на награди и трошоци. Тоа значи дека насилството се случува тогаш кога наградата (користа што се добива) од насилството за насилникот е поголема од губитокот (трошоците).

Покрај горенаведените концепти на социолошката теорија, истата ги покрива и

следниве теории:

а) Теорија на општествен стрес: стресот може да порасне кога една личност живее во семејна ситуација со зголемени притисоци и секојдевни лоши доживувања. Општествените стресови, кои најчесто се поради недоволни финансии или други слични проблеми во семејството кои можат да ги зголемат тензиите. Насилството не секогаш е предизвикано од стресот, но може да биде еден начин на кој некои луѓе одговараат на стресот. Семејства и двојки, кои живеат во сиромаштија, може повеќе да доживеат семејно насилство, поради зголемен стрес и конфликти за финансии и други работи. Некои шпекулираат дека сиромаштијата може да ја отежни способноста на мажот да ја исполни својата идеја за „успешна машкост“, бидејќи се плаши дека ќе ја изгуби честа и почитта. Теоријата претпоставува дека кога тој економски не е во состојба да ја поддржи неговата жена и да држи контрола, тој може да се сврти кон женомразие, дрогирање и злочин како начини да се искаже машкоста.[40]

[40] Џевекс Рејчел, „Насилство помеѓу интимни партнери: причини и превенција, 2002 год

б) Теорија на општествено учење тврди дека луѓето учат од набљудувањето на другите и работењето според нивното однесување. Однесувањето може да продолжи со позитивно засилување. Ако некој набљудува насилно однесување веројатно е и да ги имитира. Ако нема негативни последици (на пр. жртва, која го прифаќа насилството со предавање), тогаш големи се шансите таквото однесување да продолжи. Често, насилството се пренесува од генерација на генерација на цикличен начин. Ова е чест случај, најчесто се јавува кај децата, кои како мали биле сведоци на насилство помеѓу родителите.

в) Теорија на моќ и контрола тврди дека насилството произлегува од забележливата потреба за моќ и контрола, начин на малтретирање и општествено учење за малтретирањето. Напорите на насилниците да доминираат над нивниот партнер, помеѓу другите можни причински фактори е препишано на ниско самопочитување или чувство на недостаток, нерешени конфликти од детството, стресот од сиромаштија, непријателство и чувствување гнев кон жените (женомразие), непријателство и чувствување гнев кон мажите, нарушувања на личноста, генетски тенденции и социокултурни влијанија. Ставот на причинителот за семејно насилство е тоа дека стратегија е да се добие или да се задржи моќта и контролата врз жртвата.

Друг став е дека малтретирањето произлегува од немоќта, нејзиното изразување/ проектирање и обидот за вршење контрола врз жртвата. Тоа е еден обид за „да се добие или да се задржи моќ и контрола врз жртвата” но дури и со ова постигнување тоа не може да ја реши немоќта за негово управување. Таквите поведенија имаат заразни страни кои водат кон циклус на малтретирање или насилство. Меѓусебни циклуси се развиваат кога секоја страна се обидува да ја отстрани сопствената немоќ во обид за наметнување контрола. Прашањата за моќ и контрола се составен дел од широко употребуваниот Дулут проект за интервенција во семејното насилство. Феминистичката теорија на која се потпира моделот Дулут е дека мажите го користат насилството во рамките на врските за да остварат моќ и контрола. Ова е илустрирано со „Тркало за моќ и контрола", графички прикажано како постер во локациите што учествуваат. Според моделот Дулут, „жените и децата се подложни на насилство поради нивниот нееднаков социјален, економски и

политички статус во општеството.[41] Третманот на насилнички мажи е фокусиран на преквалификација, бидејќи „не гледаме машки насилство врз жените како резултат на индивидуална патологија, туку од социјално зајакнато чувство за правдина.

г) Теорија на пол и род- начините на малтретирање од страна на неколку социолози, се шаблонизирани како родови, односно дека, жените имаат обичај да употребуваат попсихолошки, а мажите пофизички форми. Видливоста на овие забележително се разликуваат. Меѓутоа, стручните лица, кои работат со жртви на семејно насилство забележиле дека на физичкото малтретирање речиси секогаш му претходи психолошко малтретирање. Полициските и болничките досиеа покажуваат дека поголем процент на жени отколку мажи бараат лекување и пријавуваат такви злодела. Доколку или додека повеќе мажи не се идентификуваат себеси и не се знае, дека изјавиле, дека се малтретирани од страна на партнерката или друг член на семејството и на начин според кој по природата и степенот на нивните повреди може да бидат клинички оценети, мажите ќе продолжат да бидат идентификувани како најчести извршители на физичко и емоционално малтретирање.

I.1.10 Видови насилство во семејството

Насилството во семејството може да се појави во различни облици и тие често се јавуваат истовремено. Во магистерскиот труд ќе спомнеме за емоционално злоставување, физичко злоставување, сексуално злоставување, економско злоставување.

I.1.10.1 Емоционално злоставување

Овој вид насилство се дефинира како негативен однос во кој вербално и невербално се нанесува одреден облик на психичка болка.[42] Емоционалното злоставување вклучува:

- понижување на партнерот, вербално понижување
- уверување дека е “луд“
- постојано критикување или испрашување на партнерот
- предизвикување на чувство на вина кај партнерот

[41] Пенс Елен, Пејмар Мајкл „The Duluth Model- Minnesota Program Development”, пренесено од оргиналот од 1981 година, 2008год.

[42] Zloković, J. (2009). Nasilje nad roditeljima – Obiteljska tajna?. Rijeka: Grafika Zambelli

- постојано обвинување за неверство
- закани со самоубиство
- закани со повредување на партнерот, децата, семејството, домашните животни
- закани со задржување на партнерот во психијатриска установа, пријавување во полиција или социјална служба, посебно ако жртвата има проблеми со употреба на дрога или со психичкото здравје
- закани со покажување на порнографски слики на жртвата на даватели на услуги, семејството, пријателите.

Емоционалното злоставување се однесува на случаи кога родителите не покажале љубов и внимание кон своите деца. Заканите, изигрувањата, понижувањата од страна на возрасните како и неприфаќањето на детската потреба за љубов и внимание предизвикуваат нарушување на нормалниот психички развој на детето. Многу чест облик на емоционално злоставување претставува манипулација со детските чувства од страна на возрасни лица со цел за решавање на некои лични проблеми како и сведочење за насилство во семејството. Овие ситуации предизвикуваат губење на самодовербата и самопочитувањето кај детето, тоа станува повлечено и нервозно. Емоционалното злоставување ги погодува децата длабоко. Ако е долготрајно, може да предизвика и посилни последици од физичкото злоставување. На децата им треба љубов, охрабрување, поттик од родителите за да се чувствува среќно и се развие во сигурна личност со самодоверба. Индикатори на овој вид злоставување се:

- физички индикатори- пореметување во говорот, задоцнет физички развој, зависност, астма, алергии.
- Индикативно однесување, пореметување во навиките, антисоцијално или деструктивно однесување, пасивност или агресивност- екстреми во однесувањето, деликвенција, задоцнување во психичкиот развој.

I.1.10.2Физичко злоставување

Физичкото злоставување вклучува употреба на физичка сила што резултира со болка, страв или понижување на жртвата независно од повредите. Физичкото злоставување вклучува:

- Удари со рака, со нога и гризање,
- Кубење коса
- Лупање
- Бодење
- Палење
- Недавање лекови
- Фрлање предмети
- Предизвикување спонтан абортус кај жената
- Убиство на жена.

I.10.3 Сексуално злоставување

Сексуалното насилство го опишуваме како „секаква принуда, експлоатација или поттикнување сексуална активност, интимен физички контакт и каква било сексуална активност по своја слободна волја лицето не сака или од која било причина не може да донесе одлука за него. Тоа вклучува:

- Силување
- Сексуално злоставување деца
- Навредливи зборови со сексуална конотација
- Попречување секс или наклоност
- Наметнување на начин на облекување пр. изразито сексуална облекаили облека каде што сторителот ќе ја посакува жртвата
- Присилување на жртвата на несакани сексуални активности
- Присилување на гледање порнографија или учество во порнографија
- Подведување или присилување на сексуален однос со други лица во замена за пари, дрога и сл.
- Одбивање на употреба или допуштање контрацепција што резултира со сексуално преносливи инфекции и несакана бременост.

I.10.4 Економско злоставување

Овој вид насилство вклучува односи на земање на финансиски приходи што и оневозможува на лицето жртва да ги користи своите финансии.[43] Економското насилство вклучува:

- Спречување на партнерот да се вработи
- Вознемирување на партнерот на работно место
- Спречување на партнерот да користи пари
- Кражба на пари што припаѓаат на партнерот или децата
- Коцкање на начин што го загрозува животниот стандард на семејството
- Контролирање на трошењето на партнерот
- Самостојно донесување на важни финансиски одлуки
- Создавање долгови
- Диктирање на потрошувачката
- Уништување на сопственоста на жртвата
- Неплаќање алиментација за децата.

I.1.11 Ризик фактори што влијаат за насилство во семејството

Постојат многу фактори што можат да влијаат на насилството во семејството и тие се многу опширни и потребно е многу да се објасни. Фактори што влијаат на насилство во семејството се:

- влијание на надворешна средина на семејството

- разлика во степенот на образование и заработувачка на финансии

Влијанието на надворешната средина врз семејството е широко распространето и под влијание на многу фактори како што се: влијание на училиштето, економски, социјални, социјални, културни и слично. Во овој случај можеме да констатираме одредено општество или земја како Индија каде што културата има големо влијание врз општеството, т.е кастата во која се наоѓа семејството. Во тој случај, семејството кое е во

[43] Ajduković, M., Mamula, M., Pećnik, N., Tolle, N. (2000). Nasilje u parterskim odnosima. U M. Ajduković, G. Pavleković (Ur.), Nasilje nad ženom u obitelji (str. 57-68). Zagreb: Društvo za psihološku pomoć.

одредена каста не може ниту да напредува ниту да опаѓа. Ако семејството е во каста за сиромашни луѓе, не може да се пресели во повисока класа или не може да се образува, не може да напредува во општеството, не може да заработи повеќе пари, им е забрането да имаат семејство со различни касти и слично. Додека на запад односно во други земји поинаку е регулирано каде одредено семејство може да ја смени својата каста, односно може да напредува или уназадува во општеството во зависност од неговите можности. Ѝ се нудат многу можности како подобра заработка, подобро образование, работа и слично.

Разликата во степенот на образование и заработка е еден од факторите кои најмногу можат да влијаат на семејно насилство. Разликата во степенот на образование може да влијае на партнерите бидејќи тие можат да имаат тешкотии во комуникацијата како и немање заеднички теми за разговор. Со текот на времето, недоследноста може да донесе големи проблеми и раздор во семејните односи. Во случај кога во семејството имаме човек кој е пообразован и кој повеќе заработува, се случува благ јаз меѓу партнерите затоа што не се движат во исти општества, не можат да си ги дозволат истите работи, разликата во буџетот за трошење е голема. Настанува психолошко насилство на партнерот врз другиот со партнер каде што со текот на времето меѓу нив се зголемува несогласувањето, а често и тоа е предмет на физичко насилство. Мажи или жени кои имаат повисоко ниво на образование, како и повисоко не им пречи разликата во тие делови на почетокот. Со текот на времето почнува да се создаваат проблеми во семејството бидејќи партнерот не може да обезбеди приходи како другиот партнер, па тоа се случува психичко насилство на партнерот врз друг партнер. Во овие ситуации, партнерот на секој можен начин го провоцира и понижува другиот партнер, како на пример: како не се залага за својата работа, не се труди да се подобри, не учи за да добие подобра работа и подобар приход. Во одредени ситуации кога насилникот гледа дека тоа не влијае на жртвата и не ја допира, употребува физичка сила за да ја повреди бидејќи не може на друг начин да ја повреди. Во ситуации кога партнерот заработува повеќе и води динамичен живот, може да смета дека неговото семејство го спречува да води таков живот, тој го напушта семејството и не сака да го има контакт со него.

Влијанието на различните социо-правни статуси како еден аспект на семејно насилство, секој човек во светот има одреден социјален статус на кој му припаѓа поради тој статус, одредено лице се повреди или повреди друго лице. Овде се случува член на семејството да има повисок социјален статус од друг член на семејството. Личноста која има понизок социјален статус често е психички понижена затоа што нема третман како лица со повисок социо-правен статус, не зборуваат како нив, немаат исто занимање и доста често се јавува и физичко насилство. Личноста со понизок социо-правен статус често трпи насилство од партнерот поради понискиот социо-правен статус иако нема причина да биде понижена и повредена поради тоа.

I.1.12 Последици од семејно насилство кај жените

Насилството над жените е проблем распространет низ целиот свет. Иако двајцата партнери можат да бидат жртви на насилството во семејството, жените се многу често жртви на семејно насилство. Понатаму, во споредба со мажите, жените имаат поголема веројатност да бидат нападнати, повредени или убиени без оглед на нивната етничка припадност, раса или социо-економски статус.[44] Истражувањата спроведени во светот покажуваат дека насилството меѓу жените е еднакво сериозна и присутна причина за смрт како и ракот, и поголема причина за смрт од сообраќајните незгоди и маларијата.[45] Многу жени доживуваат повеќе од еден облик на насилство, а оние што доживеале различни облици насилство можеби имаат потреба од различен тип на лекување. Посебните форми на насилство, како што е физичкото насилство, често се хронични и се повторуваат, додека силувањето е силно поврзано со одредени нарушувања, особено со посттрауматско стресно нарушување. На пример, жените кои се жртви на сексуално насилство се изложени на поголем ризик повторно да бидат сексуално злоупотребени, да заболат од сексуално преносливи болести или да имаат несакана бременост.[46] Насилството врз жените е облик на кршење на човечките права. Насилството врз жените што вклучува психичко, физичко или сексуално насилство е главен здравствен проблем поврзан со менталните пореметувања. Истражувањето на Агенцијата за темелни права на ЕУ

[44]Karakurt, G., Smith, D., i Whiting, J. (2014). Impact of intimate partner violence on women's mental health. *Journal of family violence*, *29*(7), 693-702.
[45]Singer, M. (2005). *Kriminologija delikata nasilja.* Zagreb: Nakladni zavod Globus
[46]Cavanaugh, C. E., Martins, S. S., Petras, H., i Campbell, J. C. (2013). Mental disorders associated with subpopulations of women affected by violence and abuse. *Journal of traumatic stress*, *26*(4), 459-466.

наведува дека емоционалните реакции при сексуално насилство во повеќето случаи се страв, срам и лутина заради тоа што се случило, а присутна е во висок процент. Кај таквите случаи постои и поголем процент психички последици како шт ое губење на самодовербата, чувство на ранливост, потешкотии со спиењето и депресија.

I.1.13 Семејното насилство врз жените во Република Северна Македонија

Тргнувајќи од основните вредности за почит кон луѓето, преземање на одговорност за мерките и резултатите, градење на квалитетни мегучовечки односи преку транспарентност и отвореност за сугестии, а истовремено имајќи ја во предвид подготвеноста за следење на состојбата, како и преземање на потребни мерки преку анализа на реалните можности, детектирање на проблемите, креирање на решенија, препознавање на недостатоците и потребите,предностите и ризиците, сите релевантни чинители преземаат целосна одговорност при имплементација на законодавството поврзано со заштита на жените, жртви на семејно насилство. Водечки принципи во овој домен се:

- Ефективност (почитување и заштита на човековите права во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, законите и меѓународните конвенции и планови за акција; еднаква заштита за сите , надминување на стигматизацијата без оглед на пол, возраст, национална припадност,етничко и општествено потекло, унапредување на меѓусекторската и меѓуминистерска соработка, соработка со невладиниот сектор, заснована на принципите на транспарентност и партнерство; унапредување и одржливост на системот за заштита преку зајакнување на ресурсите за заштита на жртвите на семејно насилство.
- Ефикасност (одржливост на системот на заштита без оглед на политичките и друг вид на општествени промени, подобрување на заштита – преземање на мерки и активности, кои ќе значат намалување и елиминирање на одредени фактори кои имаат негативно влијание врз семејното живеење, успешност- усогласување на целите, приоритетите и мерките во системот на заштитата, доследност – обезбедување на сестрана координација при постигнувањето на резултатите транспарентност и промоција за подигнување на заштитата и помошта на семејството изложено на семејно насилство.

Уставот ја дефинира државата освен како суверена, самостојна, демократска, и социјална држава што се однесува на волјатаа и обврската на државата и нејзините институции за заштита, обезбедување и гаранција на социјалните права на граѓаните. Уставот ги

гарантира основните граѓански, социјални и културни права на граѓаните кои живеат на територијата на РСМ.

Според член 32 од Уставот на РСМ се гарантира правото на работа за сите, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Исто така на секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Во член 35 е изразена грижата на државата за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните во согласност со начелото на социјална праведност. Во членот 39 на секој граѓанин му се гарантира правото на здравствена заштита. Понатаму согласно член 40 Републиката му обезбедува посебна грижа и заштита на семејството. Правните односи во бракот, семејството и вонбрачната заедница се уредуваат со закон. Родителите имаат право и должност да се грижат за издржување и воспитување на децата. Децата се должни да се грижат за старите и изнемоштени родители. Републиката им обезбедува посебна заштита на децата без родители и децата без родителска грижа, а посебна заштитена категорија во самиот Устав се мајчинството и малолетните деца посебно кога треба да се вклучат на пазарот на трудот. Во членот 44 се гарантира правото на образование. Образованието е достапно на секого под еднакви услови. Основното образование е задолжително и бесплатно. Сите понатамошни и попрецизни дефиниции се даваат во националните закони кои мора да бидат во согласност со Уставот на РСМ. Македонија презеде сериозен чекор во заштитата на жените од сите форми на насилство со ратификација на Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против сите форми на насилство врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција)[47] која стапи на сила на 01.07.2018 година. Таа е првиот сеопфатен инструмент на европско ниво што се фокусира на насилство врз жените. Согласно со член 118 од Уставот на РСМ оваа конвенција е составен дел на нашиот уставно- правен поредок.

I.1.14 Закон за семејство

Со овој закон се регулира една од најзначајните области што се однесува на посебна заштита и помош на семејствата од страна на Центрите за социјална работа што е во

[47]КонвенцијанаСоветотнаЕвропазаспречување и борбапротивнасилствотоврзжените и домашнотонасилство (22.12.2017 година)

корелација со Министерството за труд и социјална политика.[48] чл.14 став 1 „Работите сврзани со посебната заштита и помош на семејството, семејното насилство, дел од работите сврзани со посвојувањето, како и работите на старателството, утврдени во овој закон, ги врши центар за социјална работа со методите на стручната, советодавната и советувалишната интердисциплинарна тимска работа."Иако е клучен закон кој треба да ги даде правните дефиниции за семејство, самохран родител и/или едно родителско семејство, регулирање на односите помеѓу родителите и издршка на дете/деца кога партнерите живеат разделено, сепак овој закон го нема моменталниот капацитет да ги опфати јасно и целосно конкретните дефиниции. Законот за семејство не ги препознава жртвите на семејно насилство и не обезбедува заштита од идно насилство.

Согласно одредбите во Законот за семејство во нашата држава, под семејно насилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста, телесно повредување, полово или друго психолошко или физичко насилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв. Семејното насилство најчесто се случува во семејната заедница, било да станува збор за брачна или вонбрачна заедница во која што партнерите имаат деца, заеднички деца добиени во брак, надвор од брак, помеѓу брачните и вонбрачните партнери, постарите лица во семејството или пак помеѓу роднинските релации кои произлегуваат од семејните релации и норми. Цитирајќи ги одредбите од нашиот Закон за семејството, битно е да се напомене, дека,

семејното насилство може да биде извршено врз:

- брачниот другар, родителите или децата или други лица кои живеат во брачна

или вонбрачна заедница или заедничко домаќинство,

- поранешен брачен другар или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во

блиски лични односи, вклучувајќи ги односите кои настануваат со посвојувањето и старателството,

- браќа и сестри, полубраќа и полусестри,
- постарите членови во семејството или заедничкото домаќинство и лица

[48]Сл. Весникна РСМ БР.153/2014

- членови на семејството или заедничкото домаќинство чија деловна способност е делумно или целосно одземена.

Физичкото насилство се санкционира со кривичните дела против животот и телото, потоа, психолошкото насилство се санкционира со кривичните дела против слободите и правата на човекот , додека пак сексуалното насилство се санкционира со кривичните дела против половата слобода и половиот морал.[49]

I.1.15 Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство

Во овој закон се опфатени мерките насочени кон превенција и заштита на жртвите од семејно насилство, почитување на основните човекови права и слободи, животот, личниот интегритет и потребите на жртвата.[50] Спроведувањето е во надлежност на Министерството за труд и социјална политика, МВР, Министерството за правда, Министерството за здравство, Министерството за образование и наука, единиците на локална самоуправа, институциите од областа на социјалната заштита, детската заштита, внатрешните работи, здравството, вработувањето и образованието. Тие преземаат мерки за заштита на жртвата и спречување на насилство, остваруваатмеѓусебна соработка и координација. Институциите се должни да обезбедат работитеод својата надлежност да ги вршат стручни лица, обучени за спроведување наработите определени со овој закон.Во овој закон во членот 3 е дефиниран поимот на семејно насилство „Под семејнонасилство се подразбира малтретирање, навредување, загрозување на сигурноста,телесно повредување, полово или друго психолошко, физичко или економсконасилство со кое се предизвикува чувство на несигурност, загрозување или страв,вклучувајќи и закани за такви дејствија, спрема брачен другар, родителите или децатаили други лица кои живеат во брачна или вонбрачна заедница или заедничкодомаќинство, како и спрема сегашен или поранешен брачен другар, вонбрачен партнер или лица кои имаат заедничко дете или се наоѓаат во блиски лични односи,без оглед дали сторителот го дели или го делел истото живеалиште со жртвата илине.Дефиницијата е сеопфатна и ги набројува различните форми на семејно насилство,како и различните видови на релации помеѓу членовите на

[49] Закон за семејство, сл. весник на РСМ, бр. 153 од 20.10.2014 година
[50]СЛ.весник на РСМ бр.138/2014

семејството кои може дабидат жртви. Исто така, преку спомнувањето на „блиски лични односи“ дефиницијатаовозможува и заштита на жртвите кои се во интимна партнерска релација состорителот, а никогаш претходно не живееле заедно. Имено, иако не е препознаенокако интимно партнерско насилство, сепак преку ваквиот начин на дефинирање сеовозможува заштита и за овие жртви. Она што недостасува во дефиницијата е родовосензитивен речник преку кој би се препознале жените како посебно група која еособено изложена на оваа форма на родово базирано насилство.[51] Во мерките за заштита на жртвите од семејно насилство што треба да ги обезбеди ЦСР се следните:

- Сместување во центар за лица – жртви на семејно насилство
- Соодветна здравствена заштита
- Соодветна психо- социјална интервенција и третман
- Психо- социјален третман во советувалиште
- Помош на семејството за редовно школување на дете
- Правна помош и застапување
- Економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот.

Во членот 23 од законот е опфатена мултисекторската работа на стручен тим во случаи кога постои сознание за загрозување на животот и здравјето на жртват и членовите на семејствотокако и кога дете е жртва на семејно насилство, се изготвува безбедносен план за помош од страна на стручен тим.Тимот е составен од стручни лица од центарот за социјална работа, полиција и здравствена установа од подрачјето за кое е надлежен центарот. Во тимот учествуваат и претставници на здруженија кои работат на полето на семејното насилство кои можат да предложат и спроведуваат мерки и активности од безбедносен план за помош на жртвата. Од чл.24 заклучно со чл.28 од овој закон, детално се разработува делот на сместување на жртва на семејно насилство во центарот за лица - жртви на семејно насилство од страна на надлежните Центри за социјална работа. Поддршката која се дава на овие жртви посебно во делот на нивното економско зајакнување детално е обработено во чл.28 од законот во кој „Центарот за социјална

[51]Анализа на економските предизвици со кои се соочуваат жените жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина, 2019 година, стр.9

работа, во соработка со Агенцијата за вработување на Република Македонија - надлежниот центар за вработување, презема меки за економско јакнење на жртвата преку нејзино активно вклучување на пазарот на трудот. Центарот за социјална работа, во рок од седум дена од отпочнување на постапката, ја известува Агенцијата за вработување на Република Македонија - надлежниот центар за вработување, за потребата за вклучување на лицата - жртви во активните мерки за вработување. Центарот за вработување е должен во рок од три дена по добиеното известување од став 2 на овој член, да ја повика жртвата за отпочнување на постапка за вклучување во активни мерки и политики за вработување, обуки, посредување при вработување, мотивација, стекнување на основни вештини, да изготви индивидуален план за вработување за жртвата, да и овозможи достапност на информации за слободни работни места, а се до нејзиното вработување. Одговорното лице од Центарот за вработување е должен најмалку еднаш месечно да оствари контакт со жртвата заради спроведување на индивидуалниот план за вработување, се до нејзиното вработување. Центарот за вработување во рок од три дена го известува надлежниот центар за социјална работа за вклучувањето на жртвата во програмата за активните мерки засоцијална работа ако жртвата засновала работен однос или ако работниот однос престанал. Како една од приоритетните цели е економското зајакнување на жртвите на семејно насилство преку нивно активно вклучување на пазарот на труд, а во насока на нивно осамостојување, поголема самодоверба и целосно напуштање на насилната средина.

Во овој дел на мерки на заштита исто така за преземање на истите, надлежни се полициските службеници при Министерството за внатрешни работи. Имено Полициски службеник, секогаш кога има пријава за семејно насилство, а заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, должен е да излезе на местото на настанот и да изготви полициски извештај веднаш, а најдоцна во рок од 12 часа од интервенцијата на настанот. Полицискиот службеник во случаи на семејно насилство, при преземањето на полициските работи и примената на полициските овластувања, оперативно - технички и превентивни мерки утврдени со Законот за полиција, секогаш прави проценка на ризикот по животот и телесниот интегритет на жртвата и на ризикот од повторување на насилството, со цел за заштита на жртвата, преку соодветно управување со ризикот. Полицискиот службеник, обезбедува жртвата веднаш да добие соодветна здравствена

заштита а в.в. со чл.31 од законот. Полициският службеник, привремено го одзема оружјето од сторителот и покренува постапка предвидена со закон за одземање на дозволата за оружје, дозволата за колекционерско оружје односно дозволата за носење на оружје. Полициският службеник е должен во рок од 12 часа до надлежниот суд да достави предлог за изрекување на привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот. Овие мерки за заштита се итни и судот во рок од 24 часа ги изрекува.[52]

Во член 31 од овој закон се регулирани и обврските на здравствените работници според кои здравствениот работник и здравствената установа се должни веднаш да извршат преглед и друг медицински третман на жртвата и за истото да ѝ издадат соодветна медицинска документација на жртвата за констатираната повреда. За работите од став 1 на овој член, жртвите се ослободени од плаќање на трошоците за извршената медицинска услуга и документација.

Исто така регистрирани здруженија на граѓани за остварување на цели и задачи од областа на социјалната заштита во рамките на своите програми можат да преземат мерки за заштита во делокругот на мерки кои ги презема надлежен центар за социјална работа. Мерки на заштита во рамките на своите локални планови и програми преземаат и единиците на локалната самоуправа ,, Единиците на локалната самоуправа, во доменот на превенција и спречување на семејното насилство обезбедуваат заштита на жртвите во заедницата, воспоставуваат центри за згрижување, советувалишта за жртви и советувалишта за сторители на семејно насилство, советувалиште за родители и деца, советувалиште за брак и семејство и други форми за згрижување и помош на жртвите, како и локални СОС линии. Единиците на локалната самоуправа преземаат мерки за воспоставување на меѓусебна и координирана соработка на локално или регионално ниво помеѓу центрите за социјална работа, полициските станици, здравствени, предучилишни и образовни установи и здруженија.Овој закон исто така ги предвидува и привремените мерки за заштита кои ги изрекува судот врз основа на принципот на итност во постапувањето. Како итни мерки кои по предлог на МВР ги изрекува судот без согласност

[52] Анализа на економските предизвици со кои се соочуваат жените жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина, 2019 година, стр.11

на жртвата, а заради отстранување на непосредна и сериозна опасност по животот и физичкиот интегритет на жртвата и членовите на нејзиното семејство, се изрекува привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот. Привремена мерка за заштита - отстранување на сторителот од домот и забрана за приближување до домот се изрекува во траење од најмалку 10 а најмногу до 30 дена. Исто по предлог на МВР судот изрекува привремена мерка за заштита забрана да поседува огнено или друго оружје или истото да му биде одземено. Една од мерките за заштита е и задолжително законско издржување на семејството од страна на сторителот на насилство, која како интервентна мерка може да се изрече во траење од 3 месеци до 1 година, а судот ја определува со цел жртвата да биде материјално обезбедена во иницијалниот период додека се решаваат други прашања и процеси поврзани со насилството.

Другите привремени мерки за заштита можат да бидат предложени до судот или од надлежен центар за социјална заштита или од жртвата, а тие се: забрана да се заканува дека ќе стори семејно насилство; забрана да малтретира, вознемирува, телефонира, контактира или на друг начин комуницира со член на семејството, директно или индиректно; задолжително да ги врати предметите кои се потребни за задоволување на секојдневните потреби на семејството; задолжително законско издржување на семејството; задолжително да посетува соодветно советувалиште; задолжително лекување на сторителот, доколку злоупотребува, алкохол, дрога и други психотропни супстанции или има психичко заболување; задолжително да ги надомести медицинските и другите трошоци настанати од семејното насилство.

I.1.16 Национална стратегија за заштита од семејно насилство 2008-2011

Капацитетот на жените да ги воспитуваат своите деца може да бидат под влијание на физичките, емоционалните икогнитивните ефекти на нивните сопствени искуства од насилството и намерните обиди на мажите да го поткопаатнивната самодоверба и способност како мајки.[95]Дел од теоретичарите[96] сметаат дека медицинските работници не се способни да имаат главна улога во помагањето на жените што доживеале семејно насилство. Повредите често само ги лекуваат и ги дијагностицираат, без одглед на причините. Многу доктори не сакаат да бидат инволвирани во приватниот живот на жртвите на семејно насилство. Медицинските работници имаат етичка одговорност да ја препознаат и решат изложеноста на злоупотреба кај пациентите во здравствената средина. Американскиот медицински кодекс за медицинска етика на здружението вели дека поради преваланцата и медицинските последици од семејното насилство, лекарите треба рутински да ги распрашаат за физичка, сексуална и психолошка злоупотреба на како дел од медицинската историја. Според Робертс[97], само управувањето со гневот не се покажало како ефикасно во третманот на престапниците на семејно насилство, бидејќи семејното насилство се заснова на моќ и контрола а не на проблеми со регулирање на одговорите на гнев. Управувањето со гневот се препорачува како дел од наставната програма за третман на престапници која се заснова на одговорност, заедно со теми како што е препознавање на навредливи модели на однесување; исто така бара многу лична промена и изградба на слика за себе која е одвоена од поранешната навредлива додека сеуште одговарајќи за тоа. Секој соодветен проблем, исто така, треба да се реши како дел од третман на престапници од семејно насилство, како што се проблеми со злоупотреба на супстанции или ментално заболување.

[95] Adapted from: Men's Behaviour Change group work: A manual for quality practice, No to Violence, 2005.
[96] Sugg, N.K. and Inu, T. (1992). Primary care physicians' response to domestic violence: Opening pandora box. JAMA. 269 (23), 3157-3160.
[97] Roberts, A. (2002). Handbook of domestic violence intervention strategies: Policies, Program and legal remedies. New York: Oxford University Press

I.4.5 Женскиот отпор кон насилството

Иако жените доживуваат мноштво штетни ефекти од насилството на нивните партнери, тие не сепасивни примателина злоупотреба и насилство – тие не „само се согласуваат со тоа“ или „не дозволуваат да се случи“. Жртвина семејното насилство секогаш се обидуваат на некој начин да го намалат, спречат или запрат насилството. Важно за давателите на услуги да ги откријат многуте начини на кои жените креативно и стратешки да се спротивставаат на насилството во обид да избега од насилството, да го задржи своето достоинство и да направи подобар живот засебе и своите деца. Отпорот на жртвата кон насилството не може да го прекине насилството. Отпорот на жртвата можеби не е отворен или видлив. Често е опасно жртвите на семејно насилство отворено да се спротивставаат на тој сторител. Жртвите можат да се спротивставаат на насилството само во нивните мисли или преку мали дејствија што може да одатнезабележано. Затоа, за некои жртвата може да изгледа „пасивна“. Жртвата може да се спротивстави на насилството прекуотворени дејствија и однесување, како што е „повратен удар“, со тоа што не го прави она што сторителот сака таа да и го направи, или со отапување на нејзините чувства. Овие однесувања потоа може да бидат означени како „дисфункционални“ или жртвата може да се сметаат за „исто толку насилни.Значењата на однесувањата што се користат за да се спротивставаат на насилството се единствени за секоја жена и се поставени воконтекст на сопственото искуство и разбирање на насилството.[98]

[98]Adapted from: Honouring resistance: How women resist abuse in intimate relationships, Weaver J, Todd N, Ogden C, & Craik L, 2007.

II. МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

II. 1.Предмет на истражување

Предметот на истражување е од доменот на психологија во социјална заштита и се однесува на идентификација на степенот на ментално нарушување на жените жртви на насилство во државата во Република Северна Македонија.

II.2 Цел на истражување

Целта на научното истражување е да се опише поврзаноста на семејното насилство и менталните нарушувања кај жените жртви на семејно насилство.

-да се добијат научни сознанија за видот на нарушувањата на менталното здравје не жените што биле подложни на семејно насилство;

-да се стекнат научни сознанија за степенот на насилство кај жените кои станале жртви од страна на блиски членови на семејството;

-да се добие претстава колку семејното насилство врз жените жртви на насилство придонесува за негативните последици што ги трпи општеството;

-да се добие претстава како негативните последици по менталното здравје на жените жртви на семејно насилство влијаат на нивната инклузија во секојдневниот живот ;

-да се добијат сознанија за тоа дали постои поврзаност на степенот на образование кај насилниците што вршат семејно насилство и нивното искуство за справување со секојдневните проблеми;

-да се добијат сознанија колку жените што претрпеле семејно насилство се подготвени да се вратат во нормален живот ако се земе во предвид нивното нарушено ментално здравје;

-да се добијат сознанија колку државата застанува во заштита на овие жртви според податоците на Центарот за социјални работи, како овластена институција;

Практичната цел за реализирање на ова емпириско истражување е преку добиените научни сознанија и индикатори кои се однесуваат на степенот на ментално нарушување кај жените жртви на насилство да се добијат нови научни созанија кои ќе се надградат на постоечкиот фонд сознанија и ќе се дадат препораки во смисла на превентивни советувања, предавања и работилници за надминување на нивната психолошка состојба.

Новите емпириски научни сознанија ќе иницираат и предлог активности за надминување на потенцијалното негативно влијание низ психолошко консултативни активности.

II.3 Задачи на истражувањето

Како истражувачки задачи се појавуваат:

- Добивање на теоретски и практични сознанија за жените жртви на семејно насилство од анализата на стручната литература и други изводи;
- Осознавање за видовите насилство врз жените кои се жртви на истото
- Степенот на образование на жените жртви на семејно насилство
- Степенот на образование на сторителите на семејно насилство
- Осознавање за разликата во образованието меѓу жртвата и насилникот
- Добивање сознанија дали жената жртва на семејно насилство била жртва и во примарното семејство.

II.4. Истражувачки прашања што произлегуваат од зададените хипотези

- Каков вид семејно насилство најчесто се користи кај жените?
- Каков е степенот на образование имаат жените жртви на семејно насилство?
- Каков степен на образование имаат насилниците сторители на семејно насилство?
- Каква е разликата меѓу образованието на жртвата и сторителот?
- Дали жената, жртва на семејно насилство во примарното семејство била жртва на насилство?

II.5 Хипотези на истражување

II.5.1 Главна хипотеза

Семејното насилство предизвикува ментални нарушувања кај жените жртви на семејно насилство.

II.5.2 Поединечни хипотези

Од генералната хипотеза се дисперзирани следните посебни хипотези:

- Потхипотеза 1- Физичкото и вербалното насилство предизвикува нарушувања во однесувањето кај жените жртви на насилство.
- Потхипотеза 2-Емоционалното насилство предизвикува болести на зависност кај жените жртви на насилство.
- Потхипотеза 3- Сексуалното насилство предизвикува сексуални нарушувања кај жените жртви на насилство.

II.6 Варијабили на истражување

Во истражувањето варијабилите се групирани како независни и зависни варијабили.

Независна варијабила е:

- Семејното насилство изразено преку видовите семејно насилство релевантни за истружувањето.

Зависна варијабила е:

- Менталното здравје кај жените жртви на семејно насилство.

Методи, техники и инструменти на истражување

Во изработка на трудот ќе се користат следните методи и техники за работа:

- Дескриптивен метод;
- Аналитички метод;
- Синтетички метод;
- Компаративен метод;
- Статистички метод;
- Дефиниција и класификација

Инструменти кои ќе се користат при изработка на трудот се следните:

- Прибирање на податоци;
- Подредување на податоците;

- Елаборирање на податоците и научните истражувања.

При изработка на трудот ќе се применат и други методолошки постапки кои ќе резултираат како со теоретски така и со практични сознанија. Од методите за истражување ќе се примени методот на опсервација на постоечки податоци преку книги, магазини, публикации и сл. Заклучоците што ќе се донесат врз база на истражувањата кои ќе се спроведат во овој магистерски труд, ќе се сумираат и објаснат во трудот. За изнаоѓање на потребните податоци ќе се користи соодветна домашна и странска литература, секундарни извори на податоци, статистички показатели и сопствени истражувачки зафати.

III. РЕЗУЛТАТИ И ДИСКУСИЈА

Истражувањата за овој труд се преземени во соработка соМинистерството за внатрешни работи и од Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонијана популација на жени жртви на семејно насилство, за период од 2018-2021 година.

III.1. Статистичка обработка на податаците


Според податоците на Министерството за труд и социјална политика, бројот на

жените жртви н семејно на насилство е зголемен. Како што е наведено во нивната анализа, бројот на жртвите во 2018 бил 919, од кои 665 биле жени, додека во 2021 година нивниот број се зголемил на 1608, од кои 119. Многу од нив доживеале физичко или психичко насилство. Според министерството, 40% се жени, па следуваат родителите и на крај децата.


	Жени	**родители**	**деца**
2020	38.9%	18.6%	8%
2021	38.5%	18%	10%

Табела 1

Извор: Министерство за труд и социјална политика



Графикон 1



Графикон 2

Според годишниот извештај на Министерството за внатрешни работи за 2021 година, 1056 дела се регистрирани од овој вид насилство. 90% од сторителите биле мажи. 77% од жртвите се жените и сите биле во некаков однос со сторителите. 38,5% биле жени во брак, 18% се родители, а 10,5% се деца. Во 84%се користела физичка сила со закани, со користење на ладно оружје во 7,4%, и во 11 случаи се користело оружје.[99]

година	Број на жени жртви на семејно насилство
2019	1134
2020	1161
2021	1119


Табела 2

Извор: Министерство за внатрешни работи

[99]https://hajde.media/news/111



Графикон 3



Графикон 4

Извор: Министерство за внатрешни работи

Податоците од 2020 година се слични. Според МВР, регистрирани се 992 кривични дела од областа на семејното насилство, каде што 60% се со тешки повреди. Се случиле и четири убиства во Скопје, Битола и Велес. Повеќето од жртвите биле жени.


Начини на извршување на семејното насилство

година	Огнено оружје	Ладно оружје	Физичка сила и	друго


			закана	
2021	11	78	890	77
2020	5	57	791	139

Табела 3

Извор:Министерство за внатрешни работи



Графикон 5



Графикон 6

За да се даде одговор на главната хипотеза на овој труд- ***Семејното насилство предизвикува ментални нарушувања кај жените жртви на семејно насилство***, врз

основа на едно истражување што го спроведе Институтот за Јавно здравје "Безбедноста на жената и родово засновано насилство во Република Северна Македонија[100] . Имено, женското здравје е глобален здравствен проблем[101] и СЗО смета дека 1 од 3 жени (35%) во светот имале доживеано физичко или сексуално насилство од своите партнери во животот. Во светски рамки, една третина (30%) од жените што биле во некаква врска со партнерите доживеале физичко или сексуално насилство. 38% убиствата врз жените ги сторие нивните интимни партнери.[102]Некои национални студии покажуваат дека повеќе од 70% од жените доживеале физичко или сексуално насилство од своите партнери.[103] Насилството има негативен ефект на физичкото, менталното, сексуалното и репродуктивното здравје на жената. Податоците покажуваат дека жените кои доживеале било каква форма на семејно насилство имаат поголем ризик да имаат депресија, абортус или ХИВ споредено со жените кои не го доживеале тоа.[104]

Насилството врз жените во Македонија е форма на нарушување на човековите права на жените и има негативно влијание на здравјето, предизвикувајќи повреди, смрт и ментална траума.[105]

Во Македонија поради недоволно докази за насилство и недостаток на систематско следење на жртвите на насилство, во рамките на здравствени, социјални, образовни и други институции во државата, не може да се даде објективна оценка за насилство врз жените.[106]

---

[100] Тозија, Ф., Институт за Јавно здравје на РСМ, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје, 2020 година

[101]Krug EG,Dahlberg LL,Mercy JA, Zwi AB, Lozano R.World Report on Violenceand Health. Geneva:World Health Organization (2002).

[102]Facts and Figures: Ending Violence against Women. United NationsEntity for Gender Equality and the Empowerment of Women. UNWomen (2017). Available online at: http://www.unwomen.org/en/what-wedo/ending-violence-against-women/facts-and-figures#notes

[103]Facts and Figures: Ending Violence against Women. United NationsEntity for Gender Equality and theEmpowerment of Women. UNWomen (2017). Available online at: http://www.unwomen.org/en/what-wedo/ending-violence-against-women/facts-and-figures#notes

[104]Ibid

[105]Tozija F. Violence and injury prevention and safety promotion inMacedonia:evidence based policy intervention. Arch Public Health. (2009) 1:39–46.

[106]Tozija F, Gjorgjev D, Jordanova Peshevska D, Raleva M. Violence AgainstWomen in the Former Yugoslav Republic of Macedonia. Entre Nous theEuropean Magazine for Sexual and Reproductive Health. UNFPA (2005).p. 24–5.

СЗО спровела обука за 2.390 здравствени работници и 60 универзитетски професори во периодот 2009–2012 година. Обуката беше финансиски поддржан од СЗО во рамките на Заедничка програма на ОН . Насоки за механизми за упатување на професионалци биле подготвени во 2010 година и 2-дневни работилници за градење капацитети за спроведувањето на Заедничкиот протокол за семејно насилство Во овој период се организирале обуки во осум општини во период 2011–2012 година, а тие беа поддржани од Заедничката програма на ОН. Беа обучени вкупно 200 професионалци од различни сектори: здравствени работници, социјални работници, полицајци, наставници, општински персонал, итн. Три еднодневни работилници за градење капацитети за протоколот за меѓусекторска соработка за превенција на семејното насилство биле организирани во 2015 година, и 90 лекари, медицински сестри, социјални работници и други работници биле обучени. Во 2016 година Министерството за здравство во соработка со НВО ХЕРА, УНФПА, Центарот за семејна медицина и Институт за јавно здравје, спровеле обука за Родово насилство со девет модули за 2-дневна обука за здравствените работници. Над 200 медицински професионалци имаат ја завршиле оваа обука, додека 40 лекари од примарната здравствена заштита завршиле 2-дневна програма за обука за родово базирано насилство во лицата со попреченост во 2019 година.

Во недостаток на подетални податоци за овој труд, во докажувањето на главната хипотеза ќе се послужам со Анализата на законската регулатива поврзана со здравствената заштита на жртвите на родово базираното насилство од 2021 година[107] Согласно препораките на Истанбулската конвенција и Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, на жените жртви на родово базирано и семејно насилство треба да им обезбедат бесплатни здравствени услуги без разлика на тоа дали се здравствено осигурени. Овие здравствени услуги се однесуваат на акутни последици од преживеаното насилство, без разлика на видот на насилство.

Во периодот Март-Април 2021 година, со цел прибирање на квалитативни податоци за дополнување и измени на законот за здравствена заштита , законот за заштита на правата на пациентите и законот за здравствено осигурување, се спроведени две фокус групи од

[107] Димушевска, Е., Балшиќевска М., Анализата на законската регулатива поврзана со здравствената заштита на жртвите на родово базираното насилство од 2021 година

стана на тимот на Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство. Првата фокус група е направена со 15 претставници на Граѓански Организации (ГО) кои се вклучени во превенција, заштита и реинтеграција на жртвите на родово базирано насилство. Втората фокус група е направена со 8 жени жртви на семејно насилство. Дополнителни индивидуални интервјуа се направени со 2 жени жртви на семејно насилство. Генерално ГО истакнаа дека нивното искуство и соработка со здравствените институции при заштита на жени и деца жртви на насилство варира од одлична соработка до многу негативни искуства и целосно несоработка. Имено, организации кои имаат потпишано меморандум за соработка со локална болница или амбуланта имаат одлична соработка, и нивното искуство покажува дека обврските од меморандумот се почитуваат од двете страни. Жртвите се секогаш придружувани од претставничка на ГО и секогаш ја добиваат соодветна здравствена услуга и заштита. Од друга страна, повеќето ГО немаат потпишано вакви меморандуми и нивното искуство е различно со различна здравствена установа дури и во исто населено место. Онаму каде што има барем едносензибилизирано лице, жртвите добиваат услуги и заштита и тоа е секогаш кога доаѓаат со придружба од ГО. Во најголемиот број случаи кога жртвите самостојно побарале помош или добиле делумна услуга или воопшто не ја добиле потребната услуга. Како еден од најголемите проблеми се јавува неможноста на жртвите да ги покријат трошоците кои им се наметнати од здравствените установи, иако согласно Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство истите треба да бидат бесплатни за жени жртви на насилство и семејно насилство.[108] Односно здравствените работници се должни да ги преземат сите мерки за здравствена заштита на жртвите кои се однесуваат на прегледи, обезбедување на медицински третман, документација на повредите и информирање за нивните права и достапни услуги, а за сите овие мерки жртвите се ослободени од плаќање на трошоци. Особено се нагласуваат лекови и процедури кои треба да се набават „приватно“ односно не се покриени од Фондот за здравствено осигурување без разлика дали жртвата има или нема здравствено осигурување. ГО истакнаа неколку примери на целосно одбивање за пружање здравствена заштита на жртви на сексуално насилство, каде здравствените работници немаат разбирање за потребата од итни докази за судски


[108]Согласно чл.51 став 2 од Закон за спречување и заштита од насилство врз жените и семејно насилство (Службен Весник на РСМ бр.24/21 од 29.01.2021 година

процеси, не внимаваат на ревиктимизација, дискриминација и осудување на жртвите без разлика дали тие се полнолетни или малолетни лица. Дополнително, ГО истакнаа дека здравствените работници не ја разбираат потребата за обезбедување на бесплатни здравствени услуги од психијатри и психолози за жени и деца жртви на насилство, ниска соработка со овие професионалци од аспект на прибирање докази и податоци, изготвување специјалистички извештаи итн. Во однос на здравствена криза со пандемијата од КОВИД 19, ГО истакнаа дека не добиле поддршка за заштита од КОВИД 19, ниту во форма на Протокол за заштита, ниту средства за дезинфекција (особено за услугите за привремен престој), ниту помош за бесплатно тестирање на жртвите на насилство. Ова особено беше истакнато за оние жени жртви кои имале потреба од болничко лекување и сместување во здравствена установа, за што бил неопходен негативен PCR тест за КОВИД-19. Од аспект на креирање политики, закони и програми, ГО истакнаа дека не се поканети да учествуваат во работните групи за измени и дополнувања на законската регуларива поврзана со здравствена заштита и дека немаат информации за постоењето на такви работни групи и процеси. Учесничките во фокус групата истакнаа неколку слични искуства при добивање здравствени услуги, додека пак некои од нив имале уникатни искуства. Во најголем дел оние кои биле однесени во здравствена установа, најчесто болница, со придружба на полиција, биле примени на преглед без чекање. Оние кои побарале помош самостојно најчесто биле оставени да чекаат некој да ги прегледа, бидејќи тоа се случувало во доцни ноќни часови. Учесничките во фокус групата истакнаа дека извештаите од прегледите, лекарските уверенија и специјалистичките извештаи им биле наплатувани од 1.200 до 5.000 МКД, зависно од типот на извештајот. Дел од нив изјавија дека воопшто и не ги земале ваквите извештаи бидејќи во моментот не биле во можност да платат. Многу честа појава е непрепознавање на семејно насилство врз жените и нивните деца од здравствените работници особено од матичните лекари, дури и кога жената одела на преглед со видливи скршеници на екстремитетите, вилицата, или изразени подливи и повреди. Особено непрепознаени биле знаците на психичко насилство и кај жените и кај децата. Долготрајното лекување на повредите настанати од семејно насилство не е признаено во здравствените установи, односно може да се случи услугата да не биде наплатена само кога насилството е акутно. Пример, една од учесничките истакна дека имала посериозна

повреда на ногата, која неколку месеци морала да биде третирана со лекарства и физикална терапија. Освен прегледот, сè друго и било наплатено, а дел платила и „приватно“. Оние случаи кога жена била придружувана од полиција или ГО, успеала да добие извештај од прегледот и укажаната здравствена заштита, и тие да бидат доставени/ испратени до полициската станица и Центарот за социјална работа. Во другите случаи кога жената сама побарала помош, не го добила извештајот за да и послужи за понатамошни постапки. Во еден случај ја известиле дека може да го подигне извештајот кога ќе донесе пари да плати, па таа така и направила следниот ден откако позајмила пари од пријатели. Педијатрите полесно ги препознале промените во однесувањето на децата, и тие ги советувале мајките да посетат психолог и да побараат заштита. За жал, не располагале со информации за тоа каде да се јават или да бидат соодветно упатени. Услугите од психијатри и психолози секогаш им се наплаќаат на жртвите и тоа се услуги кои најчесто не се покриени од Фондот за здравство. Иако Психијатрите дале соодветни извештаи, препознавајќи го насилството кај жената, сепак не можеле соодветно да ја упатат за понатамошна заштита и поддршка. Женитеучеснички на фокус групата истакнаа дека се соочиле со осудување и навреди кога побарале здравствена заштита при акутно насилство. Иако пристигнале со видливи и потешки повреди во установата, сепак здравствените работници кон нив се однесувала со осуда, презир и одбивање.[109]

Според Центарот за социјални работи, за последните три години, може да се заклучи дека во 2022 година постои зголемување на бројот на нови барања во однос на 2021 година за 7,03%.

[109] Димушевска, Е., Балшиќевска М., Анализата на законската регулатива поврзана со здравствената заштита на жртвите на родово базираното насилство од 2021 година стр.10



Графикон 7

Од вкупниот број на новоевидентирани жртви на семејно насилство во текот на 2022 година, најголем дел се полнолетни жени 382 и деца 81, а мажи 67. Според видот и причините на сторено семејно насилство, во сите три години најголем е бројот на физичкото насилство 317, а потоа и психичкото насилство 215. Во врска со етничката припадност, анализите покажуваат дека насилството најмногу пријавуваат граѓани од македонска припадност, а најмал број има пријави од албанска припадност. Најголем број пријави за семејно насилство во текот на 2022 година, се пријавите, вкупно пријави се 241, а потоа следува Центарот за социјална работа на град Скопје, каде што жртвите лично се обратиле за помош, вкупно има 265 пријави , а најмалку од страна на други институции.

Жените и децата се најразлична категорија на граѓани што е изложена на ваков тип на насилство. Најголем број жртви на семејно насилство се вработени, по потекло се од градска средина. Македонците се оние што најмногу пријавуваат семејно насилство 403, потоа се Албанците 63, Ромите 42 и други националности 22. На жртвите на семејно насилство најчесто им се дава психо- социјална поддршка, правна помош, згрижување итн.

Центар за жртви на семејно насилство


корисници	2020	2021	2022
Број на корисници	78	50	51

Табела 4


	предложени	Изречени
Привремени мерки за заштита од семејно насилство 01.01.-31.12.2022 година	1045	914
Привремени мерки за заштита од семејно насилство 01.01.-31.03.2023 година	204	181

Табела 5

Во првиот квартал од 2023 година има 113 нови барања. Од нив 88 се жени. Според национална припадност Македонци се 88, Албанци 18, Ромо 3, од други националности се 4. Вработени се 58 од кои најмногу од жртвите се од градска средина 111. На жртвите на семејно насилство им е дадена психо- социјална поддршка 113 и правна помош 97.



Графикон 8



Графикон 9

Согласно Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство УК за Психијатрија писмено го известува Центарот за социјална работа за добиено сознание за постоење на семејно насилство на малолетно или полнолетно лице кое се јавува на

амбулантски преглед или е на хоспитален третман на ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија-Скопје. Социјалниот работник како дел од мултидисциплинарниот тим покрај тоа што го известува Центарот за социјална работа за преземање мерки и активности во нивна надлежност, во одредени случаи остварува соработка и со невладиниот сектор кога станува збор за жртви на семејно насилство и е неопходна правна, психосоцијална помош, помош за реинтеграција и рехабилитација, како и помош за домување.Во врска со податоците со кои располага УК за Психијатрија, а се однесуваат на пациенти жени, жртви на семејно насилство следните податоци се дадени на располагање за мојот магистерски труд:

	Скопје	Куманово	К.Паланка	Неготино	Св.Николе	Прилеп	Ресен	Струмица	Струга	Гостивар
2017	2	3	1	1						1
2018	1									
2019	1				1	1				
2020	4									1
2021	5									
2022	2						1	1		
2023	3								1	

Табела 6

Извор: Универзитетска клиника за психијатрија

На поднесеното барање за потребите на магистерскиот труд, Институтот за Јавно здравје на Република Северна Македонија, одговори дека не располага со ваков вид податоци, односно за податоци како семејното насилство влијае врз жените жртви на насилство во семејството, односно какви последици тоа има врз менталното здравје на жените жртви на насилство.

Иако трудот нема статистика за болестите по менталното здравје на жените жртви на семејно насилство, сепак од податоците што се презентирани во трудот може да се

заклучи дека главната хипотеза ***Семејното насилство предизвикува ментални нарушувања кај жените жртви на семејно насилство е оправдана.***

III.2 СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ

За жените жртви на семејно насилство и како тоа влијае на менталното здравје е прикажано во следната студија на случај. Имено се работи за лице што било донесено од внатрешноста на земјава во ЈЗУ Психијатриска болница – Скопје, Скопје. Лицето уште како дете било напуштено од својата мајка и било оставено на чување кај таткото. Имено лицето Н.Н било со дијагноза Емоционално нестабилна личност. По ред петта хоспитализација за истото лице, било донесено со медицинско возило и асистенција на полицијата, според претходно донесено судско решение за задолжително лекување во Психијатриска болница Скопје- Скопје. Лицето во повеќе наврати се лекувало во болницата поради семејно насилство. Имено лицето потекнува од дисфункционално семејство, со нарушени семејни односи со импликации на бихејвиорален план од период на адолесценција и често имало потреба од интервенции на социјалните служби. Лицето живеело во семеен стан заедно со бабата, чичкото и таткото, во нарушени дисхармонични семејни односи, проследени со постојани меѓусебни вербален и физички расправии за кои неколку пати интервенирала полицијата како Центарот за социјални грижи. Од претходните хоспитализации, таткото доаѓал во болницата само на инсистирање на надлежните од болницата, инаку не покажувал интерес за својата ќерка.

Во обид да се разреши меѓусебното нетрпение и конфликтот, било тимски разговарано со таткото и лицето што било хоспитализирано, но без резултати. Последната хоспитализација била иста како и претходните, што завршила со инцидент и физички напад од страна на хоспитализираното лице врз бабата . Во меѓувреме Центарот за социјални работи доделил посебно старателство на таткото врз лицето за располагање со неговите парични средства за што хоспитализираното лице било непријатно изненадено.

Социјална анамнеза: НН било лице 36 годишна возраст, дете на разведени родители. Мајката се развела од таткото и како мала ја оставила на чување и воспитување кај таткото. Лицето нема воспоставено контакт со мајката и не знае дали има полубрат или

сестра и дали воопшто се премажила. Според нејзиното тврдење немало интерес кај двете страни за видување.Лицето завршило мединско училиште за сестра и се запишало на Градежен Факултет –Археологија, но не продолжило со школување поради финансиски причини и семејни конфликти.

Лицето работело на повеќе места но стаж не и бил евидентиран. Имала само една емотивна врска со времетраење од две години што завршила на најзино инсистирање.

Материјално егзистирале од пензијата на бабата и приходот на таткото. Лицето дало отказ од последното вработување.

Ако се анализира случајот, може да се види дека лицето уште како дете било жртва на дисхармонични односи на родителите, кои завршиле со развод, а тоа било оставено на чување кај својот татко, а мајката го напуштила и никогаш не покажала интерес да го види. Лицето продолжило да живее во стан со својата баба, чичко и татко каде што било изложено на семејно насилство кое завршувале со интервенција на полицијата.Резултатот од тие нарушени семејни одно и семејното насилство што му се случувало, нарушување на менталното здравје со дијагноза емотивно нестабилна личност. Неколку пати завршува со хоспитализација во Психијатриската болница во Скопје. Во меѓувреме таткото од Центарот за социјални работи добил посебно старателство да располага со финансиите на лицето. Уште едно непријатно изненадување за лицето што било хоспитализирано.

Последиците по менталното здравје како резултат на семејно насилство за жртвите се секогаш видли во менталниот развој на лицето или психичкиот карактер на личноста, што е споменато во овој магистерски труд.

IV. ЗАКЛУЧОК

Семејното насилство е резултат на интерактивно делување на повеќе нивоа фактори: индивидуални карактеристики на сторителот и жртвата, семејни карактеристики и динамика на односите во непосредниот социјален контекст, дејствија на експерти во институции и служби кои доаѓаат во контакт со специфичен жртва или сторител на насилство и општествени процеси и институционално однесување. Штетата од семејното насилство се манифестира на нивоа кои вклучуваат развој на децата и нивното функционирање во зрелоста, партнерски односи во семејството, односи дете-родител, психолошки и физички последици од изложеноста на насилство, високи социјални трошоци и загрозени човекови права. Поради горенаведените причини, борбата против семејното насилство бара координиран и системски пристап на четирите нивоа на системско-еколошкиот модел. Само усогласена и трајна акција која испраќа конзистентни пораки од сите нивоа за апсолутна неприфатливост на каква било форма на насилство може да доведе до намалување на семејното насилство. За да се разберат предизвиците, пречките и можностите за исполнување на овој пристап, корисен е системско-еколошки модел на разбирање на ресурсите кои постојат во борбата против семејното насилство. Моделот вклучува четири нивоа на цели за постигнување промени: поединецот, непосредната социјална средина, нивото на професионална активност на експертите и нивото на поширокото општество. Иако клучот е во координираното влијание на постоечките ресурси од пошироко кон потесно ниво, во пракса тоа не се постигнува бидејќи има конфликти на интереси и приоритети и бројни повратни врски кои дестабилизираат од пониски нивоа до повисоки нивоа (на пр. сопствено искуство со насилство , верувања и лични норми за партнерскиот однос) и кои влијаат на практикувањето на ставовите кон жртвите и сторителите на насилство, функционирањето на службите за заштита на жртвите, законските решенија или односот на медиумите кон насилството.

Семејното насилство е личен, семеен и социјален проблем. Државата има право и обврска да преземе посебни мерки за спречување на насилството, односно намалување и ублажување на неговите последици. Семејното насилство може да се дефинира како збир

на однесувања насочени кон контролирање на другите луѓе преку употреба на сила, заплашување и манипулација. Ваквата дефиниција за насилство може да се примени на најчестите форми на семејно насилство – физичка злоупотреба, емоционална злоупотреба, сексуална злоупотреба и материјална или трудова експлоатација. Сексуалната злоупотреба е едно од најтрауматизирачките искуства во животот на една жена. Децата, жените и постарите лица најчесто се изложени на сите форми на насилство во семејството.

Семејното насилство секогаш претпоставува злоупотреба на моќта во односите засновани на нееднаквост. Свеста за разорните ефекти и потребата да се спречи семејното насилство почна да се развива дури во втората половина на 20 век. Од раните 60-ти, кога беше „откриен“ проблемот со малтретираните деца, полето на проучување на насилството во семејството станува сè пообемно и покомплексно. Во раните 1970-ти, насилството врз жените и насилството во партнерските односи почнаа посериозно да се истражуваат, во 1980-тите, фокусот на окупацијата на експертите беше сексуалната злоупотреба на децата, а во раните 1990-ти започна насилството врз постарите луѓе во семејството. да се изучува. Зголемувањето на семејното насилство е поврзано со зголемувањето на насилството во општеството. И двајцата партнери можат да бидат изложени на насилство во семејството, но истражувањата покажуваат дека жената е десет пати почесто жртва на насилство отколку мажот. Изложеноста на насилство меѓу родителите влијае на однесувањето, искуствата, верувањата и ставовите на децата. Насилството во семејството е проблем кој мора да се решава интердисциплинарно, со почитување на доктрината и кодексите на секоја инволвирана професија, неопходна е соработка на експерти од различни системи. Најчестиот облик на семејно насилство се јавува меѓу сопружниците. Познато е дека во повеќето случаи мажот е насилникот, без разлика дали ја тепа, силува или малтретира сопругата на некој друг начин. Но, има и случаи кога жената е и насилникот. Децата се исто така чести жртви на семејно насилство. Фактот дека јавноста е сè повеќе свесна за овој проблем .

Желбата за моќ и контрола е основата на семејното насилство. Се смета дека насилниците ги компензираат сопствените несигурности и недостатоци преку употреба на насилство. Психолошките основи на семејното насилство се многу подлабоки и посилни од зборовите. Некои насилници добиваат етикета за ментална болест, но факт е дека повеќето

од нив не спаѓаат во таа категорија. „Има злоупотребувачи меѓу писмени, неписмени, полуписмени, па дури и политичари и интелектуалци“. Сите луѓе се склони кон насилство, што го потврдува и со зборовите: „Порано се мислеше дека само ментално болните и психопатите се тие што злоупотребуваат, но истражувањата покажаа дека тоа не е баш така. и дека сите сме склони кон некаков вид насилство, активно или реактивно во зависност од личноста и условите“. Но, што го тера насилникот на злоупотреба? Има многу причини. Студиите ја истакнале потребата од контрола како најчеста мотивација за злоупотреба. Желбата да се покаже моќ, да се потчини другите и да се потврди себеси како важна личност мотивира многу насилници на насилство. Понекогаш може да зборуваме дури и за раселено насилство, т.е. излез од состојбата на лишеност, запоставување, презир токму во алкохолот, бидејќи според некои толкувања, алкохолизмот е всушност продолжено самоубиство.Во бегството во алкохолизам, токму поради притисокот на нивните сопруги, кои често знаат одлично да го искористат на суптилни форми на емоционално и вербално насилство, на кое на нивните сопрузи им беше забрането да реагираат во областа каде што се посилни, тие несвесно бараа излез од нарушените партнерски односи“. Кога станува збор за контролата, воспоставувањето контрола врз жртвите на насилство е прилично сурово - насилникот го постигнува тоа со максимално изолирање на жртвата од надворешниот свет до зголемување на количината на насилство врз неа колку повеќе таа покажува знаци на разделба. Насилникот воспоставува контрола врз жртвата за таа да не може ништо без негова дозвола. Секако, тоа е тешко изводливо, па при секое прекршување на наредбите што ги поставува насилникот, доаѓа до агресија и ново злоставување, ново засилување на стравот на жртвата и така натаму до неверојатни размери.

Од аспект на последиците по менталното здравје на жените жртви на семејно насилство, и во магистерскиот труд е потенцирано дека тие се огромни. Семејното насилство е причината за последиците што жените ги трпат до крајот на нивниот живот. Тие се најчесто од психолошка природа, трауми што ги имале во детството како резултат на дисфункционална врска на нивните родители, стресот што во брачна/ вонбрачна заедница ги трпат од страна на својот партнер. Депресијата е најчест придружник во нивните животи после претрпено семејно насилство што најчесто ја лекуваат со антидепресиви во потрагата по решение за својот проблем. Насилството врз жените како

што претходно е истакнато има влијание не само на физичкото здравје на жртвата, многу повеќе на менталното, психичко здравје. На почетокот жртвите добиваат поддршка од заедницата, заедницар ја гледа жртвата како причина за насилство. На крајот на оваа пирамида, давателите на услуги имаат патријархални ставови или не се доволно обучени. Кога зборуваме за секундарна виктимизација или насилство, најчесто зборуваме за вработени во институции и даватели на услуги за жртви. Таму гледаме насилничко однесување од страна на претставниците на давателите на услуги, што е директно институционално насилство како што е несоодветен тон на гласот, разговор со жртвите како да извршиле насилство итн. Треба да постои систем што ги штити жртвите од сторителите, со цел да се заштити од понатамошна трауматизација.

Статистиката на Институтот за јавно здравје како и Центарот за социјални грижи не покажуваат дека има конкретна бројка на заболени жени жртви на семејно насилство како последица на истото, но сепак такви случаи постојат затоа што посттрауматските последици се долгорочни и тие треба да се третираат по медицински пат. Друго е прашањето колку државата институционално презема мерки за заштита на овие жртви. Од прикажаното во магистерскиот труд, може да се потенцира дека е потребна поголема вклученост на надлежните институции и тела за поголема заштита и грижа за овие лица, ако се земе во предвид фактот дека семејното насилство од година во година е се поголемо. Затоа е потребна меѓуинституционлна соработка на институциите и посебен ангажман за секој случај посебно затоа што сите тие се карактерични сами по себе и сите тие се со посебни карактеристики на кои треба да им се пристапува исклучително посветено во справување со проблемите што произлегуваат. Пропустите во институционални рамки постојат и на нив треба постојано да се работи за да можат проблемите на овие жртви да се решаваат навремено и посветено.

Ставовите на јавното мислење откриваат двоен однос кон семејното насилство. Од една страна, јавноста го препознава проблемот и го смета за честа појава како социјален проблем и одговорност, додека од друга страна покажува релативно високо ниво на толеранција на некои форми на злоупотреба и верувањето дека семејното насилство е приватна работа. Толеранцијата на семејното насилство врз жените како фактор на репродукција на насилството е показател за вистинско ниво на свесност за насилството

како социјален проблем. Социјалната толеранција е поголема во врска со актите на насилство кои можат да бидат опишани како психичко насилство, кое се изразува преку високо ниво на поддршка на навредливи дејствија како што се контрола на партнерот. Во последните децении, семејното насилство врз жените е сè повеќе препознаен како јавен проблем. Сепак, верувањето дека семејното насилство треба да се стави во приватната сфера без да се смета за социјален проблем исто така продолжува да опстојува. Јавноста (барем делумно) репродуцира стереотипни верувања за родовите улоги и партнерските односи, кое се фокусира на поединецот и психолошките особини на секој поединец а со тоа ја минимизира одговорноста на сторител на насилство.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ajduković, D. i Ajduković, M. (2010). Nasilje u obitelji: što zdravstveni djelatnici mogu učiniti. Medicina Fluminensis, 46(3)
2. Ajduković, M., Mamula, M., Pećnik, N., Tolle, N. (2000). Nasilje u parterskim odnosima. U M. Ajduković, G. Pavleković (Ur.), Nasilje nad ženom u obitelji Zagreb: Društvo za psihološku pomoć.

3. Allgemeiner Schutz vor Gewalt, §382e austrijskog Ovršnog zakona

4. Allgemeines Gesetz zum Schutz der öffentlichen Sicherheit und Ordnung in Berlin 2006;
5. Schweizerisches Strafgesetzbuch 1937

6. Aanwijzing huiselijk geweld en kindermishandeling 2016

7. Baker & McKenzie 2022.

8. Bilić, V. i Zloković, J. (2004). Fenomen maltretiranja djece: Prepoznavanje i oblici pomoći obitelji i školi. Zagreb: Naklada Ljevak

9. Bundesgesetz zum Schutz vor Gewalt in Familien 1996. GeSchG (NR: GP XX RV 252 AB 407 S. 47. BR: 5300 AB 5311 S. 619.)

10. Cavanaugh, C. E., Martins, S. S., Petras, H., i Campbell, J. C. (2013). Mental disorders associated with subpopulations of women affected by violence and abuse. Journal of traumatic stress, 26(4)
11. Codigo Penal бр.281/24.11.1995.

12. Drugi austrijski ZZNO (Zweitest Gewaltschutzgesetz – 2. GeSchG, BGBl. I Nr. 40/2009)Verletzung der Fürsorge- oder Erziehungspflich

13. Facts and Figures: Ending Violence against Women. United NationsEntity for Gender Equality and the Empowerment of Women. UNWomen (2017). Available online at: http://www.unwomen.org/en/what-wedo/ending-violence-against-women/facts-and-figures#notes

14. Gesetz zum zivilrechtlichen Schutz vor Gewalttaten und Nachstellungen; Gewaltschutzgesetz – GewSchG (G v. 10.8.2021 I 3513)

15. GREVIO izvješće za Njemačku 2022
16. Grevio izvješće za Nizozemsku 2019

17. Homicide Act 1957, Public Order Act 1986, Criminal Damage Act 1971, Sexual Offences Act 2003

18. Hodak Kodžoman, I., Velki, T., i Cakić, L. (2013). Izloženost djece starije školske dobi elektroničkom nasilju. Život i škola: časopis za teoriju i praksu odgoja i obrazovanja, 59(30)

19. Honouring resistance: How women resist abuse in intimate relationships, Weaver J, Todd N, Ogden C, & Craik L, 2007.

20. Jelena Radulović, (2009) Nasilje u porodici
21. Jojić, Lj., Matasović, R. (2002). Hrvatski enciklopedijski rječnik. Zagreb: Novi liber
22. Karakurt, G., Smith, D., i Whiting, J. (2014). Impact of intimate partner violence on women's mental health. Journal of family violence, 29(7)
23. Konvencija o eliminaciji svih oblika diskriminacije žena, (CEDAW),1979
24. Krug EG,Dahlberg LL,Mercy JA, Zwi AB, Lozano R.World Report on Violenceand Health. Geneva:World Health Organization (2002).
25. Милић, А. (2001), Социологија породице, Чигоја, Београд
26. Maleš, D. (2001). Konvencija o pravima djeteta. Zagreb: Državni zavod za zaštitu obitelji, materinstva i mladeži

27. Men's Behaviour Change group work: A manual for quality practice, No to Violence, 2005.
28. Obitelj. Hrvatska enciklopedija, mrežno izdanje. Leksikografski zavod Miroslav Krleža, 2021., dostupno na:https://www.enciklopedija.hr/natuknica.aspx?ID=44557 (пристапено 10.04.2023)
29. Odeljan & Rajić 2013
30. Preventing and combating violence against women and domestic violence act 2004.
31. Protection from Harassment Act 1997.
32. Rusac, S. (2006). Nasilje nad starijim osobama. Ljetopis socijalnog rada, 13(2.
33. Rajhvajn Bulat, L. i Ajduković, M. (2012). Obiteljske i psihosocijalne odrednice vršnjačkog nasilja među mladima. Psihologijske teme, 21(1)
34. Radenović, S. (2012). Bioetika i nasilje. European Journal of Bioetichs, 5(5), 206.
35. http://fra.europa.eu/en Агенција за фундаментални права при ЕУ
36. Rajter, M. (2013). Obiteljski stresori i obilježja obitelji kao prediktori roditeljskog nasilja nad obitelji. Dostupno na: https://bib.irb.hr/datoteka/665923.Miroslav_Rajter__Doktorski_rad.pdf
37. Raboteg-Šarić, Z., Pećnik, N., Josipović, V. (2003). Jednoroditeljske obitelji: Osobni doživljaj i stavovi okoline. Zagreb: DZZOMM
38. Roberts, A. (2002). Handbook of domestic violence intervention strategies: Policies, Program and legal remedies. New York: Oxford University Press
39. Savet Evrope (2008): Borba protiv nasilja nad ženama: minimalni standardi za usluge podrške. Dostupno na: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/publications
40. Savezni ustavni sud Njemačke, odluka od 25. ožujka 2003. – 1 StR 483/02 (BGHSt 48, 255 ff.).
41. Schwenzer & Bock 2008

42. Singer, M. (2005). Kriminologija delikata nasilja. Zagreb: Nakladni zavod Globus.
43. Sugg, N.K. and Inu, T. (1992). Primary care physicians' response to domestic violence: Opening pandora box. JAMA.
44. Tozija F. Violence and injury prevention and safety promotion inMacedonia:evidence based policy intervention. Arch Public Health. (2009)
45. Tozija F, Gjorgjev D, Jordanova Peshevska D, Raleva M. Violence AgainstWomen in the Former Yugoslav Republic of Macedonia. Entre Nous theEuropean Magazine for Sexual and Reproductive Health. UNFPA (2005)
46. Violence against women Prevalence Estimates, 2018. Global, regional and national prevalence estimates for intimate partner violence against women and global and regional prevalence estimates for non-partner sexual violence against women. WHO: Geneva, 2021
47. Waldrop, A. E., i Resick, P. A. (2004). Coping among adult female victims of domestic violence. Journal of family violence, 19(5)
48. World Health Organization.(2004) Promoting mental health: Concepts, emerging evidence, practice: Summary report
49. WHO, LSHTM, SAMRC. Global and regional estimates of violence against women: prevalence and health impacts of intimate partner violence and non-partner sexual violence. WHO: Geneva, 2013
50. Zloković, J. (2009). Nasilje nad roditeljima – Obiteljska tajna?. Rijeka: Grafika Zambelli
51. Pendaroski, M. The role of sacrifice and its impact on the achievement in the social group coals
52. Тозија, Ф., Институт за Јавно здравје на РСМ, Универзитет Св.Кирил и Методиј, Скопје, 2020 година
53. Димушевска, Е., Балшиќевска М., Анализата на законската регулатива поврзана со здравствената заштита на жртвите на родово базираното насилство од 2021 година
54. Гуд, „Сила и насилство во семејството-дневник за брак и семејство" 1971 год.
55. Пенс Елен, Пејмар Мајкл „The Duluth Model- Minnesota Program Development", пренесено од оргиналот од 1981 година, 2008год.
56. Селин, Slavery and the Penal System", Њујорк, Амстердам, 1976год,повторно издадена во 2016год

57. Џевекс Рејчел, „Насилство помеѓу интимни партнери: причини и превенција, 2002 год.).

58. Анализа на економските предизвици со кои се соочуваат жените жртви на семејно насилство кои ја напуштиле насилната средина, 2019 година

59. Европска конвенција за заштита на човековите права и слободи Усвоена од страна на Советот на Европа во Рим 1950 година

60. Конвенцијата на Обединетите нации за елиминација на сите форми на дискриминација врз жените бр. 2200 А (XXI) од 16. декември 1966. година а стапи на сила 23. Март 1976. година.

61. КонвенцијанаСоветотнаЕвропазаспречување и борбапротивнасилствотоврзжените и домашнотонасилство (22.12.2017 година)

62. Пекингшка декларација Усвоена на Четвртата конференција на ОН за жените одржана во Пекинг, 1995 година

63. Универзална декларација за човековите права, Резолуција 217 А(III), 10 декември 1948

64. Факултативниот протокол е донесен 6. октомври 1999. година во Њујорк, а на сила стапи 22. декември 2000. година.

65. Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, СЛ.весник на РСМ бр.138/2014

66. Закон за семејство на РМ (Службен весник на Република Македонија" број 80/92, 9/96, 38/2004, 33/2006, 84/2008, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 53/21)

67. Кривичен законик на РМ („Службен весник на Република Македонија" број 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7 /08 , 139/08 , 114/09 година, 51/11, 135/11, 185/2011, 142/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018)

68. „Национална стратегија за заштита од семејно насилство во РМ 2008-2011 година
69. „Национална стратегија за заштита од семејно насилство во РМ 2012-2015 година
70. https://www.mentalhealth.org.uk/publications/how-to-mental-health
71. https://www.who.int/news-room/fact-sheets/detail/violence-against-women
72. https://hajde.media/news/111
73. https://krenizdravo.dnevnik.hr/zdravlje/psihologija/profil-nasilnika-u-obitelji-kako-ga-prepoznati
74. https://digitalni-psiholog.com/psihologija-nasilnika/